ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНОВИТЕ ВО ОППГГЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Сл.Весник на Р.Македонија бр.24 од 04.04.2003 година

Член 1

Во Законот за продажба на становите во општествена сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 36/90, 62/92 и 7/98), во членот 7 ставот 1 се менува и гласи:

"Плаќањето на цената на станот се врши во целост или во рати, во денари или денари стекнати по основ на продажба на ефективна странска валута и со обврзниците издадени од страна на Република Македонија за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните и за денационализација."

Член 2

Во членот 7-а по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Деловната банка е должна да се грижи редовно да се врши плаќањето на обврските од страна на купувачите на становите по основ на продадените општествени станови, за што банката добива надоместок во висина од 2% месечно од наплатените средства од продажба на становите во општествена сопственост.

Министерот за финансии и банките од ставот 1 на овој член ќе склучат договор за регулирање на начинот и постапката под кои ќе се врши наплатата на средствата од купувачите на становите."

Член 3

По членот 7-а се додава нов член 7-6, кој гласи:

"Член 7-6

Становите изградени со здружени средства по било кој основ, а кои се заведени на поранешни претпријатија или установи, како и становите на претпријатијата кои се ликвидирани, приватизирани или се во стечај и деловите од заедничките простории адаптирани во станбен простор, се државна сопственост.

Со становите од ставот 1 на овој член, управува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Владата на Република Македонија ги евидентира становите и лицата што ги користат становите од ставот 1 на овој член."

Член 4

Членот 9 се менува и гласи:
"Средствата остварени од продажба на становите се приход на Буџетот на Република Македонија."

Член 5

Членот 13 се менува и гласи:
"На носителите на станарското право кои нема да го купат станот, правото на користење на станот се трансформира во право на закуп, под услови и на начин утврдени со прописите од областа на домувањето."

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".